# ОГЛАСИ ЗА АНГАЖИРАЊЕ ЈУНИОР НЕ-КЛУЧЕН ЕКСПЕРТ (повторен оглас)

**Проект финансиран од ЕУ „Техничка помош за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“**
**Број за идентификација: EuropeAid/140131/DH/SER/MK**

Проектот финансиран од ЕУ „Техничка помош за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија” бара искусни експерти за конкретни задачи за поддршка на спроведувањето на проектот. Целта на проектот е да ја поддржи Владата во унапредувањето на овозможувачката средина за граѓанското општество, а во исто време да обезбеди поддршка на малите и основните („граcрут“) организации во градењето на капацитетите и развојот на нивната одржлива оперативна способност.

Проектот го спроведува конзорциум предводен од Corporate & Public Management Consulting International (CPM) преку две компоненти: Компонента 1А) Поддршка на спроведувањето на главните цели од Стратегијата на Владата за соработка со граѓанското општество (2022-2024) и Компонента 2А) Поддршка во спроведувањето на главните цели од Акцискиот план за родова еднаквост 3 – План за спроведување во Република Северна Македонија.

## ЈУНИОР НЕ-КЛУЧЕН ЕКСПЕРТ ЗА ПОДДРШКА НА СОВЕТОТ ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ВЛАДАТА И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

**Инпут:** до 30 работни дена помеѓу јануари и 17 март 2025 година

**Квалификации и вештини:**
- ерзитетска диплома по право, јавна администрација, политички науки, општествени науки, економија или која било област што е релевантна за задачата
- Добри компјутерски вештини (владеење на Микрософт Офис)
- Одлично познавање на пишан и говорен англиски, македонски и/или албански јазик.
- Извонредни комуникациски и меѓучовечки вештини
- Одлични вештини за пишување и аналитички вештини

**Општо професионално искуство**
- Најмалку три (3) години работно искуство во области како што се граѓанското општество и/или човековите права и/или демократијата, доброто управување и владеењето на правото

**Конкретно професионално искуство**
- Најмалку три (3) години професионално искуство во областа на овозможувачката средина за развој на граѓанското општество
- Искуство и познавање на Владините политики и политиките за граѓанското општество во Република Северна Македонија
- Познавањето на Владините механизми за соработка со граѓанските организации (ГО) ќе се смета за предност, особено улогата и функцијата на Советот
- Работно искуство на најмалку еден проект финансиран од ЕУ ќе се смета за предност.

**Задолженија:** Обезбедување поддршка на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество преку поддршка на Сениор не-клучните експерти (СНКЕ) во сите задачи кои придонесуваат за спроведување на Активноста 1.3.1 А: Подобрување на институционалната рамка за развој на граѓанското општество. Поддршката вклучува: техничка и друга поддршка на СНКЕ и Проектот, т.е. организирање и управување со онлајн и/или физички состаноци помеѓу експертите на проектот и засегнатите страни, поддршка во подготовката на потребните документи под раководство на СНКЕ, поддршка на комуникациските активности и друга поддршка по потреба.

## ПРИЈАВУВАЊЕ

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат горенаведените критериуми треба да достават CV во ЕУ формат на англиски јазик на recruitment@cpmconsulting.eu и stefanovic@cpmconsulting.eu до **20 декември 2024 година во 16:00 ч.**

Само кандидатите избрани во потесниот круг ќе бидат контактирани по е-пошта. Пријавите испратени по истекот на рокот нема да бидат земени предвид.